Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Центар - Феникс, Комисијата за доделување на Годишната награда на Општина Центар - Феникс за 2023 година, на 1-та седница, одржана на 31.5.2023 година, одлучи да распише

**К О Н К У Р С**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА НАГРАДА**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - „ФЕНИКС"**
**ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Годишната награда на Општината Центар - „Феникс" се доделува на физички и правни лица од Општина Центар-Скопје и од Република Северна Македонија како знак на општествено признание за особени постигнувања во стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитанието и образованието, заштитата и унапредување на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзина афирмација во Република Македонија и во светот.

2. Наградата се доделува и на ученици и студенти за творечки труд или за континуирани успешни резултати во наставни и вонннаставни активности.

3. Наградата за поединци и група творци се состои од диплома и паричен износ. Наградата за правни лица се состои од диплома и плакета.

Наградата за ученици и студенти се состои од диплома и паричен износ.

4. Право да предлагаат кандидати за Наградата имаат правни и физички лица со седиште, односно живеалиште на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

5. Предлогот мора да биде образложен и потпишан од предлагачот и да се приложи кратка биографија, дипломи, пофалници, уверенија и друг вид на документи кои ги потврдуваат постигнувањата.

Сите предлагачи (поединечно или групно) треба да ги наведат својот полн назив и седиштето, односно името и адресата.

6. Конкурсот трае започнувајќи од ден 4.9.2023 година и трае заклучно до ден 18.9.2023 година, а предлозите за кандидати се доставуваат до Комисијата за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс, ул. „Михаил Цоков" бр. 1 или во архивата на Општина Центар-Скопје, во барака 6.

КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА
ГОДИШНАТА НАГРАДА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-ФЕНИКС